# Одржување на површината во овошните насади

Одржувањето на почвата во овоштарниците е една најважните агротехнички мерки од кои зависи порастот и родноста на овошките. Одржувањето на површината се извршува со работни активности во меѓуредниот простор, како и на просторот во редот.

Површината во овошните насади во меѓуредниот простор може да се одржува на повеќе начини и тоа:

-Јалов или црн угар. Со овој начин се врши обработка на почвата, со што се оневозможува појава на плевели во текот на целата година. Се изведува со длабоко есенско, плитко пролетно и неколку летни култивирања. Есенската обработка се врши по бербата на плодовите и во услови на оптимална влажност на почвата, на длабочина од околу 20 см. Пролетната обработка се изведува после зимската резидба на овошките. Останатите пролетно - летни обработки на почвата се извршуваат по потреба, односно после појава на плевели или после секое наводнување. Овој вид на обработка се врши без превртување на почвата, со задолжително избегнување употреба на фрези, бидејќи истите ја расипуваат структурата.



-Затревувањето на површината како начин на одржување на почвата во меѓуредниот простор, во последно време наоѓа се поголема примена, и истиот е препорачлив за реоните со поголема количина на врнежи (над 900 м.м.) или во случај кога има обезбедено доволно вода за наводнување. Со овој начин почвата се

затревува со сеење на повеќе годишни класести треви, или со смески од класести и легуминозни растенија. Затревеното меѓуредие се коси повеќе пати.  Кај помладите насади од 4 - 5 години, не се препорачува затревување на меѓуредниот простор.

-Поткултури  во овошните насади, како начин на одржување на меѓуредниот простор е применливо во првите години од садењето на овошките, посебно во насадите со помал број на овошки, но не и во густите. Најдобри поткултури се легуминозите кои се окопуваат грав, грашок, боранија и соја. Како поткултури може да се одгледуваат и бостан, краставици, салата и зелка. Не е препорачливо сеидба на пченица, шеќерна репа, сончоглед, пченка и др. жита

Одржување на површината во редот во овошните насади  се врши со обработка на почвата, употреба на хербициди и мулчирање.

-Обработката се врши рачно или механизирано со странични култиватори, на длабочина од 5-6 см, со цел, да се уништат плевелите. Овој начин на одржување е најкорисен за овошките, но и најскап во споредба со другите начини.

-Употребата на хербициди, како начин на одржување на просторот во редот, има за цел уништување на плевели. Од почвените хербициди кои ги уништуваат плевелите во фазата на р,тење на семето или нивните ризоми, примена наоѓаат Симазин, Гоал и Трефлан. Во време на вегетацијата се применуваат контактните и системичните хербициди Устинекс, Паракват, Баста, Глифосат , Фјузилеид и др.

-Мулчирањето како начин на одржување претставува покривање на површината во редот со плева, окосена трева, пилевина од четинари, трула слама, лисје, комина, сончогледов стебла или црна пластична фолија. Со мулчирањето се задржува влагата во почвата, оневозможена е  појавата на плевели, се подобрува микробиолошката активност, се зголемува содржината на хумус и хранливи материи, а паднатите плодови остануваат чисти. Недостиг на овој начин на одржување е појава на глодари кои причинуваат штета на кората од овошките.

**Дип.инг.агр. Стеван Стојковски**